ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 04.05.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Скратување на потребното време за исплата на породилните отсуства

Со унапредување на процедурите и процесите во ФЗОМ во 2010 година се воведоа олеснувања во поднесокот на документи за породилни отсуства. Воедно беше извршено и електронско поврзување со Управата за јавни приходи за добивање на податоци за платен придонес.

Како дополнување на оваа состојба во 2011 година се воведе автоматска контрола на уплатениот придонес за здравствено осигурување од страна на фирмите/институциите, се зголеми брзината на трансферот на податоците од базата на УЈП (за бруто плата) до базата на ФЗОМ за уплатениот придонес, се намали потребата од човечки фактор при подготовката и контролата на исплатите преку автоматизирање на процесите.

**Со ова се се намали просечното време за исплата на породилните отсуства од 60 дена во 2006 година, 23 дена во почетокот на 2010 година, до 10 просечни дена во вториот квартал 2011 година.**

Оваа ажурност е постигната за прв пат во месец април 2011 година кога се исплатија породилните отсуства за месец февруари и на крајот од месецот породилните од месец март.

Како напомена дека ова се однесува на породилните отсуства кои се поднесуваат навремено во ФЗОМ со уплатен придонес за здравствено осигурување.

Значи уредно поднесените породилни отсуства со уплатен придонес ќе бидат исплатени во истиот месец.

Фонд за здравствено осигурувањен Македонија